ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА
ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 15.03
| Орг. ед. | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 03 | 155 | | |

Асоцијација на даватели на комунални
услуги на Република Македонија АДКОМ
Бр. 08/01-05
15-03 2005 год.
СКОПЈЕ

Со цел зајакнување на капацитетите, воспоставувајќи взаемна соработка и координација на активностите во насока на подобрување на условите за работа на своите членови и подобрување на јавните услуги на локална ниво,

Заради воспоставување на механизми за размена на инфорамции, координација и взаемна реализација на утврдените активности,

**Заедницата на единициаите на**
**локалната самоуправа на Република Македонија - ЗЕЛС**

и

**Асоцијацијата на даватели на комунални**
**услуги на Република Македонија - АДКОМ**

го склучуваат следниот:

# МЕМОРАНДУМ
за соработка

**Член 1**

Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија (во понатамошниот текст ЗЕЛС) и Асоцијацијата на даватели на комунални услуги на република Македонија АДКОМ (во понатамошниот текст АДКОМ) се невладини, непрофитни и непартиски организации кои се активни во Република Македонија и имаат цел да ги подобрат условите за работа на нивните членки.

**Член 2**

ЗЕЛС И АДКОМ се договорија да соработуваат, разменуваат информации, идеи и предлози во врска со подобрувањето на јавните услуги на локално ниво.

**Член 3**

ЗЕЛС се согласи да ги вклучи назначените претставници на АДКОМ да учествуваат во работата на нејзините комисии и технички поткомисии за

комунални прашања за подготовка на акти/закони во однос на тековната имплементација на Оперативната програма за децентрализација на власта на Владата на Република Македонија. ЗЕЛС исто така се согласи да го предочи придонесот на АДКОМ на јавноста.

**Член 4**

АДКОМ се согласи да назначи свои членови да учествуваат во работата на работните групи на ЗЕЛС (комисиите и техничките поткомисии) и истите да го стават на располагање своето стручно знаење во сферата на комуналните прашања.

**Член 5**

ЗЕЛС И АДКОМ се договорија да ги синхронизираат нивните напори за лобирање и залагање во врска со донесувањето на правните акти битни за локалната самоуправа и јавните претпријатија, а особено за работата во врска со подобрувањето на комуналните услуги на општинско ниво.

**Член 6**

ЗЕЛС И АДКОМ се договорија да објавуваат написи во своите гласила без никакаков надомест.

**Член 7**

Овој Меморандум на разбирање ќе стапи на сила на денот на неговото потпишување од двете страни.

**Скопје, 15 март, 2005 година**

**Заедница на единиците на локалната самоуправа на Р.М. - ЗЕЛС, Претсдеател,**

*Горан Ангелов*

**Асоцијација на даватели на комунални услуги на Р.М. - "АДКОМ", Претседател,**

Асоцијација на даватели на комунални услуги на Република Македонија АДКОМ СКОПЈЕ

*Јордан Милков*